Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери - комуникативност, доверливост, способност за тимска работа
Реден број и назив на работно место:	**155.Помлад соработник – Внатрешен ревизор на обука**
Звање за работното место:	Виш соработник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението и постарите вработени
Работни должности	

Прибира податоци и информации неопходни за подготовка на материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива; - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела; - предлози за планот за работа на одделението и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа. Ги врши наједноставните работи и задачи од делокругот на Одделението и помага при работи што се однесуваат на: - подготвувка план и програма за внатрешна ревизија; - анализа на документите и состојбите неопходни за формирање на објективно мислење; - подготвката на нацрт, претходен и конечен извештај за извршената ревизија - водењето досие за секоја спроведена внатрешна ревизија со сите работни документи; - следење на спроведувањето на мерките во организационите единици во Агенцијата преземени врз основа на препораките од ревизорскиот извештај; - изработка на годишниот и стратешкиот план за внатрешна ревизија;	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Правни студии или Факултет за економски науки со најмалку 240 ЕКТС или VII1
Работно искуство во струката:	- Без работно искуство
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери - комуникативност, доверливост, способност за тимска работа

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Реден број и назив на работно место:	**156. Раководител на одделение за управуавање со човечки ресурси**
Звање за работното место:	Раководител на одделение
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Директорот
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението, - координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите за работа
Работни должности	

- раководи со одделението; - ја организира, насочува и координира работата; - врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението; - дава стручна помош и совети во работењето на вработените во одделението; - се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението; - ги оценува вработените во одделението. Подготвува материјали и документи, кои содржат: - предлог-план за работа на одделението, - извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението, - предлози за политики по начелни прашања од делокруг на одделението, и - иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението. - учествува во утврдување на концепции за уредување на односите во Агенцијата во областа на човечките ресурси; - ги следи одделенијата и одржува редовен состанок и обуки со раководителите околу менаџирање на работата во одделенијата; - дава стручна помош при оценувањето на вработените; - учествува во спроведување на постапката за вработување во АПРЗ; - учествува во изготвување на Предлог-Правилникот за систематизација на работните места во АПРЗ; - учествува во изработката на годишната програма за обука на вработените; - соработува со другите раководители за прашања од областа на управувањето со човечките ресурси; - ги изготвува правилниците за работа на сите одделенија и обука на сите раководители за поефективно и непречено функционирање на АПРЗ; - ги следи и проучува теоретските и практични искуства во земјата и странство за работите од областа на управување и менаџирање со човечки ресурси.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Правни студии или Факултет за биотехнички науки со 300 ЕКТС или VII1
Работно искуство во струката:	- Најмалку четири години работно искуство во струката, од кои една година во државната служба.
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- добри организациски вештини - добри интерперсонални и насочувачки вештини - ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери
Реден број и назив на работно место:	**157. Советник за управување и координирање со човечки ресурси**
Звање за работното место:	Советник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи.
Работни должности	

- развива упатства и процедури за воведување и активирање на државните службеници особено за воведна обука и менторство, почитување на работното време, начинот на користење на дневниот одмор (пауза), начинот на користење на боледувањето, делегирањето на работни задачи, комуникацијата, однесувањето на државните службеници во текот на работата и го следи нивното исполнување;
- подготвува стратегии и политики за потребите на организацијата на начин што човечките ресурси се идентификуваат и развиваат во насока на постигнување на стратешките цели и се грижи за развивање на асоцијативност помеѓу личните цели на поединецот и целите на организацијата преку нивно вклучување во креирање на политиките на организацијата;
- се грижи за активно промовирање на култура на отворена комуникација и транспарентност во работењето, поттикнување на тимско работење, развивање на вештини за преговарање, комуникациски техники во области на ризик и управување со конфликт на интереси и одржување на социјални активности;
- подготвува и развива анкетни прашалници за мерење на задоволството на вработените на годишно ниво, го следи спроведувањето на анкетите и врши аналитичка обработка на добиените одговори и интерпретацијата на резултатите;
- се грижи за воведување на работно место на нововработените преку развој и спроведување на програмата за воведување, се грижи за менторската шема како дел од програмата за
- воведување со цел помагање на нововработените да се прилагодат на работната средина, да
- се интегрираат и постепено идентификуваат со неа;
- обезбедува стручно-оперативна поддршка во врска со позитивната материјална компензација (парична награда врз основа на оценување, парична награда врз основа на постигнати позначителни резултати, додаток на плата за кариера, додаток на плата за работа подолго од полното работно време, социјално осигурување и осигурување од последица на несреќен случај – незгода) и нематеријална компензација на вработените и стручно - оперативна поддршка во водењето на постапките за дисциплинска и материјална одговорност;
- подготвува аналитички извештаи за користењето на работното време, за нивото на мотивација и етика на вработените и ја следи примената на етичкиот кодекс за државни службеници;
- дава стручна помош и совети на државните службеници со пониско звање во одделението, соработува со другите државни службеници и помага во остварувањето на останатите надлежности од делокругот на одделението.

Посебни услови потребни за вршење на работата:

Вид на образование:	- Правни студии или Факултет за биотехнички науки со најмалку 240 ЕКТС или VII1
Работно искуство во струката:	- најмалку 3 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери - комуникативност, доверливост, способност за тимска работа
Реден број и назив на работно место:	**158. Виш соработник за мотивација и меѓучовечки односи**
Звање за работното место:	Виш соработник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на сложени работи и задачи.

Работни должности

Учествува во подготовката на материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива, - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела, - предлози за планот за работа на одделението, и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа. - помага во изготвување на правилниците за работа на сите одделенија и изведува обуки; - ги следи и проучува теоретските и практични искуства во земјата и странство за работите од областа на управување и менаџирање со човечки ресурси; - дава мислење за оценување на вработените и начини за подобрување на вработените; - води евиденција на вработените ; - планови и програми за надградба во човечките ресурси; - врши ажурирање на списокот на вработените и навремено доставува известувања за настанати промени во бројот на вработени во Агенцијата; - редовно ги ажурира документите кои се однесуваат на сите обрасци за обуки на вработените; - ги евидентира и архивира обрасците за оценување на вработените; - учествува во подготвувањето на решенија кои се однесуваат на престанокот на вработувањето согласно закон; - учествува во подготвувањето решенија и други видови акти за реализација на правата кои произлегуваат од Законот за државните службеници, Законот за работните односи, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за соодветната фискална година, - Колективниот договор кој се однесува на соодветниот орган и други видови општи прописи - со кои се уредуваат одредени права на државните службеници; - учествува во подготвување и развивање на анкетни прашалници за мерење на задоволството на вработените на годишно ниво, го следи спроведувањето на анкетите и врши аналитичка обработка на добиените одговори и интерпретацијата на резултатите; - учествува во воведување со цел помагање на нововработените да се прилагодат на работната средина, да се интегрираат и постепено идентификуваат со неа; - се грижи за воведување на работно место на нововработените преку развој и спроведување на програмата за воведување, се грижи за менторската шема како дел од програмата за - учествува во давање на стручна помош и совети на државните службеници со пониско звање во одделението; - учествува во изработка на решенија за враќање на работа по престанок на вршење на одредена функција во Републиката или странство и во други случаи кога се активира мирувањето на вработувањето кое било во мирување согласно закон, решенија за плата, додатоци и надоместоци на плата и решенија за парични награди; - врши анализа на потребите од обука на државните службеници; - учествува во изработката на технички спецификации за избор на надворешни организации за подготвување програми за обука и нивно изведување за потребите на Комисијата за јавни набавки.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Правни студии или Факултет за биотехнички науки со најмалку 240 ЕКТС или VII1
Работно искуство во струката:	- најмаку 2 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери - комуникативност, доверливост, способност за тимска работа

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Реден број и назив на работно место:	**159.Раководител на сектор за финансиски прашања**
Звање за работното место:	Раководител на сектор
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Директорот

Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- развивање и обединување на политиките, во рамките на делокругот на секторот, - координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите и преку управување со средствата.
Работни должности	
раководителот на сектор, за својата работа непосредно одговара пред Директорот; раководи со секторот, вклучувајќи: - организирање, насочување и координација на работата; - непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на раководителите на одделенијата; - давање на стручна помош и совети во работењето на раководителите на одделенијата и вработените во секторот; - грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во секторот; - оценување на вработените на раководни работни места во секторот; подготвува материјали и документи, кои содржат; - предлог-план за работа на секторот и одделенијата; - извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на секторот; - предлози за политики по начелни прашања од надлежност на секторот; - мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа; - иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на секторот; - други материјали за разгледување; - раководи и организира активности во спроведувањето на информацискиот систем со пратење на протокот на податоци и документација; - соработува со другите раководители на сектори, кореспондира со коминтенти, деловни партнери и институции за прашања од делокруг на секторот; - врши координирање и мониторинг на активности од областа на агроекономијата, координира во имплементирање на Програми и Проекти и сумира и анализира прибрани податоци; - го координира и организира протокот на податоците, информациите, документите помеѓу РЕ, РЦ и Дирекција; - врши координација на координативните групи и активно учествува во нивната работа; - Учествува во работата на други стручни тела, тимови и функционални форми формирани во рамките на Агенцијата; - прати законски прописи од својата област и презема мерки за нивна реализација; - врши работи како овластен сметководител врз основа на овластување од Директорот; - врати стручни достигнувања, припрема и предлага програма за образование и учествува и организира семинари, обуки и советување; - соработува со сродни служби во земјата и странство и образовни стручни институции; - активно присуствува и учествува со раководниот кадар во донесување и одлучување на оделни работни задачи од својот домен во реализација на деловната политика во Агенцијата и дава насоки и инструкции во планитрањето на одделни сегменти во вкупниот развој.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за економски науки со 300 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- Најмалку пет години работно искуство во струката, од кои две години во државната служба и најмалку три години во областа на финансиите.
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- одлични организациски вештини - одлични интерперсонални и насочувачки вештини - ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - работа со компјутери - комуникативност, креативност, тимско работење

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И БУЏЕТСКО РАБОТЕЊЕ

Реден број и назив на работно место:	**160. Раководител на одделение за сметководство и буџетско работење**
Звање за работното место:	Раководител на одделение
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на сектор
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението, - координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите за работа, - поддржување на работата на раководителот на сектор.
Работни должности	

Раководи со одделението, вклучувајќи: - организирање, насочување и координација на работата; - непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на вработените во одделението; - давање на стручна помош и совети во работењето на вработените во одделението; - грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението; - оценување на вработените во одделението. Подготвува материјали и документи, кои содржат: - предлог-план за работа на одделението; - извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението; - предлози за политики по начелни прашања од делокруг на одделението, и - иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението. - Директно соработува со другите раководители на одделенија во секторот, како и со раководителот на секторот, за прашања од делокруг на секторот; - во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, доколку не постои помошник раководител на сектор, раководи со секторот врз основа на овластување од Директорот; - подготвува, врши контрола, одобрува и потпишува документација што произлегува од работењето на одделението или доставува до повисоките раководители на потпишување и одобрување доколку не е овластен; - врши работи како овластен сметководител врз основа на овластување од Директорот; врши работи кои се однесуваат на Буџетот и сметководството во Агенцијата: - учествува во подготвувањето на Буџетот и дава предлози и сугестии; - го следи извршувањето на приходите и расходите по видови и намената од аспект на утврдената политика и предлага мерки; - ја контролира и обработува целокупната влезно-излезна сметководно-финансиска документација; - припрема податоци за изработка на извештаи, анализи, планирања за книговодствено и оперативни обработки; - ја подредува и архивира вкупната сметководна – финансова документација; - прати законски прописи и истите ги применува во делот на сопствените активности; - врши кореспонденција со коминтентите и Работните Единици за книговодствено срамнување; - помага во подготвување и пратење во документацијата особено во делот во вкупното плаќање и наплата; - извршува и други административни работи од областа на прибирање на документацијата, извршува нивна делумна обработка, евидентирање и усмерување на истата во интерни и екстерни места; - учествува во проекти и работни групи поврзани со унапредување на сметководствената евиденција како и на унапредување на работењето на Секторот; - учествува во изготвување на завршни сметки; - изготвување на дописи, договори и мислења од областа на работењето на одделението; - врши координација на координативните групи и активно учествува во нивната работа; - Учествува во работата на други стручни тела, тимови и функционални форми формирани во рамките на Агенцијата; - врши координација на координативните групи и активно учествува во нивната работа.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за економски науки со 300 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- Најмалку четири години работно искуство во струката, од кои една година во државната служба.
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- добри организациски вештини - добри интерперсонални и насочувачки вештини - ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - работа со компјутери - комуникативност, креативност, тимско работење
Реден број и назив на работно место:	**161.Советник за буџетска координација и контрола**
Звање за работното место:	Советник

Број на иавршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи.
Работни должности	
Подготвува материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива; - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела; - предлози за планот за работа на одделението и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа. - го следи усогласувањето на евиденцијата во извршувањето на буџетот со сметководствената евиденција на неделна основа; Работи на контрола на финансово-сметководственото работење: - самостојно ги врши работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на спроведување на законската регулатива и методолошки упатства за воспоставување, примена и имплементација на финансиската контрола; - врши најсложени задачи од делокругот на работа на Одделението што се однесуваат на вршење на контрола на дневна основа на законитоста и соодветната форма на финансиските операции пред нивното извршување; - утврдува соодветен начин на воспоставување на контрола за секоја област и одлучува; - дали се потребни понатамошни мерки за да се постигне ефективна и ефикасна контрола - проверка на сите извештаи за финансиското работење; - воспоставување и одржување на ефикасен и ефективен систем за архивирање на сите релевантни документи кои произлегуваат од работата на одделението; - ја контролира исправноста, навременоста и правилноста на целокупната финансово-сметководна документација; - води оперативна евиденција и ја ликвидира финансиската документација; - води книговодствена евиденција и врши пресметка на основните средства, ситниот инвентар, потрошниот материјал и протокот на готовинската исплата; - припрема извештаи за изработка на анализи, планови и пресметки за оперативно работење, - води грижа за навремено плаќање и наплата на обврските и побарувањата; - се грижи и помага за правилен и навремен проток на документацијата од Работните Единици, - комуницира со Работните Единици и институциите врзани за сопствената активност; - извршува и други административни работи од областа на прибирање на документацијата, извршува нивна делумна обработка, евидентирање и усмерување на истата во интерни и екстерни места; - развивање, промовирање и координирање на општата политика на финансиска контрола; - анализирање и сумирање на извештаи и други информации доставени од субјектите во јавниот сектор за активностите на внатрешната контрола; - изготвување збирен извештај за системот на јавната внатрешна финансиска контрола.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за економски науки со најмалку 240 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- најмалку 3 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - познавање на работа со компјутери - знаење на англиски или друг светски јазик - комуникативност, креативност, тимско работење
Реден број и назив на работно место:	**162. Виш соработник за материјално и финансиско работење**
Звање за работното место:	Виш соработник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението

Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на сложени работи и задачи
Работни должности	
Подготвува материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива; - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела; - предлози за планот за работа на одделението и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа. Ги врши сложените работи и задачи од делокругот на Одделението што се однесуваат на: - водењето на буџетско сметководство со аналитичка и синтетичка евиденција на приходите и расходите на сметката на Буџетот, според утврден контен план; - водење сметководствена евиденција на сметки во рамките на трезорската сметка кои се во надлежност на секторот; - учествува во изготвување на завршни сметки; - подготвува документација што произлегува од работењето на одделението.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за економски науки со најмалку 240 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- најмалаку 2 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- аналитичност, комуникативност, креативност, способност за управување, тимско работење - познавање на работа со компјутери
Реден број и назив на работно место:	**163. Помлад соработник за финансиско евидентирање**
Звање за работното место:	Помлад соработник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението и постарите вработени
Работни должности	
Прибира податоци и информации неопходни за подготовка на материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива; - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела; - предлози за планот за работа на одделението и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа. Ги врши наједноставните работи и задачи од делокругот на Одделението што се однесуваат на: - водењето на буџетско сметководство со аналитичка и синтетичка евиденција на приходите и расходите на сметката на Буџетот според утврден контен план - учествува во изготвување на завршни сметки; - помага во изготвувањето на друга документација која се однесува на работењето на Одделението.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за економски науки со најмалку 240 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- Без работно искуство

Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- аналитичност, комуникативност, креативност, способност за управување - познавање на работа со компјутери
Реден број и назив на работно место:	**164. Самостоен референт за пресметка на плати и благајнички работи**
Звање за работното место:	Самостоен референт
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- поддржување на спроведувањето на функциите од делокруг на одделението, преку вршење сложени административни задачи, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението
Работни должности	
Подготовка на податоци потребни за изработка на информации и извештаи за движење на платите, трошење на средствата од буџетот; Пресметка и контрола на плати, боледувања и други отсуства на вработените: - изработува пресметки за плати и надоместоци на плати за вработените во Агенцијата и се грижи за правилно документирање, архивирање и усмерување на податоците - документите, - ги извршува сите готовински исплати со изработка на пропратна документација и се грижи за нивната исправност и обработка, - прати и применува законски прописи во својот домен на работа, - припрема податоци за изработка на извештаи, анализи и планирања за книговодствено и оперативни обработки, - комуницира со Работните Единици и институциите врзани за својата работа (УЈП, Банка, Фондови за социјално, пензиско и здравствено осигурување и сл.) - врши контрола на веќе изработени документи за готовинска исплата од Работните Единици, - помага во целокупната припрема и обработка на финансово-сметководствената документација особено за плаќање и наплата, - извршува и други административни работи од областа на прибирање на документацијата, извршување на нивна делумна обработка, евидентирање и усмерување на истата во интерни и екстерни места.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- IV или VI_1
Работно искуство во струката:	- најмалку 3 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- познавање на работа со компјутери - комуникативност, креативност, тимско работење

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АГРОЕКОНОМСКИ ПРЕСМЕТКИ И ПРОТОК НА ИНФОРМАЦИИ

Реден број и назив на работно место:	**165. Раководител на одделение за агроекономски пресметки и проток на информации**
Звање за работното место:	Раководител на одделение
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на сектор
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението, - координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите за работа, - поддржување на работата на раководителот на сектор.
Работни должности	

Раководи со одделението, вклучувајќи: - организирање, насочување и координација на работата; - непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; - распоредување на работите и задачите на вработените во одделението; - давање на стручна помош и совети во работењето на вработените во одделението; - грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението; - оценување на вработените во одделението. Подготвува материјали и документи, кои содржат: - предлог-план за работа на одделението; - извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението; - предлози за политики по начелни прашања од делокруг на одделението и - иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението. - директно соработува со другите раководители на одделенија во секторот, како и со раководителот на секторот, за прашања од делокруг на секторот; - во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, доколку не постои помошник раководител на сектор, раководи со секторот врз основа на овластување од Директорот; - врши координација на координативните групи и активно учествува во нивната работа; - учествува во работата на други стручни тела, тимови и функционални форми формирани во рамките на Агенцијата; - прати стручни достигнувања, припрема и предлага програма за образование и учествува и организира семинари, обуки и советување; - соработува со сродни служби во земјата и странство и образовни стручни институции; - го организира протокот на податоците и информациите помеѓу РЕ, РЦ и Дирекција и помеѓу Агенцијата и надворешноста; - работи на воспоставување на одржливи контакти со релевантните локални и национални медиуми, како лице за односи со јавност и медиуми и портпарол на Агенцијата; - изготвува Стратешки план и Програма за информирање и односи со јавност на Агенцијата и се грижи за нивно доследно спроведување; - се грижи за обезбедување и проследување на информации кои имаат третман на јавен карактер и спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, вклучително и сите обврски кои произлегуваат од Законот.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за биотехнички науки со 300 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- Најмалку четири години работно искуство во струката, од кои една година во државната служба.
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- добри организациски вештини - добри интерперсонални и насочувачки вештини - ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - работа со компјутери - познавање на работа со медиуми - комуникативност, креативност, тимско работење
Реден број и назив на работно место:	**166.Советник за софтверска интервенција и одржување**
Звање за работното место:	Советник
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи.
Работни должности	

Подготвува материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива; - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела; - предлози за планот за работа на одделението и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа. Работи на одржување на Програмите и другите мрежи: - развој, имлементација и одржување на апликации со помош на Microsoft.Net, ASP.NET, VB.Net, C#, релациони бази на податоци, XML, SQL Server, графички и WEB дизајн (CorelDraw, Adobe Suite), LAN комуникации, MS Windows Server 2000, 2003…, администрација на бази на податоци (SQL Server);, - изработува програми за потребите на Секторите (за плати, за архивирање и друго); - припрема на разни документи; - се грижи за развојот на информацискиот систем; - го одржува информацискиот систем – софтвер; - ги врши работите за заштита на системот; - се грижи за правилно функционирање на Системот за мониторинг на фарма, извршува работи и задачи сврзани со внесување на податоци во системот и обезбедувањето на документациона основа за изработка на табеларни прегледи потребни при изготвувањето на извештаи; - дава стручна помош од аспект на компјутерските мрежи на вработените во проектирањето и експлоатацијата на информацискиот систем; - извршува работи и задачи сврзани со правилното внесување на податоци во системот за Мониторинг на фарма ; - се грижи за правилно функционирање на персоналните сметачи и пасивната комуникациска опрема, инсталирање и надградба на програмите за канцелариско работење и оперативниот систем; - врши техничка подготовка на електронска документација; - утврдува и спроведува постапки за заштита на преносот на податоците; - Соработува со разни органи и институции од областа на информатиката за примена на најновите достигнувања во оваа област.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за технички науки со најмалку 240 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- најмалку 3 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери и нивно одржување - познавање на работа со програмски јазици - комуникативност, креативност, тимско работење
Реден број и назив на работно место:	**167. Соработник за хардверска интервенција и одржување**
Звање за работното место:	Соработник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- Спроведување на рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокруг на одделението, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението и под надзор.
Работни должности	

- чествува во извршувањето на студиско-аналитички, управно-надзорни, нормативно-правни, инвестиционо-тековни, материјално-финансиски, стручно-оперативни, како и работи во врска со човечките ресурси;

Прибира податоци и информации и учествува во подготовка на материјали и документи, кои содржат:

- стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива;
- стручни анализи, информации и други материјали за работни тела;
- предлози за планот за работа на одделението и
- извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа.

Учествува и работи на одржување на Програмите и другите мрежи:

- развој, имлементација и одржување на апликации со помош на Microsoft.Net, ASP.NET, VB.Net, C#, релациони бази на податоци, XML, SQL Server, графички и WEB дизајн (CorelDraw, Adobe Suite), LAN комуникации, MS Windows Server 2000, 2003…, администрација на бази на податоци (SQL Server);
- учествува во дефинирање на техничките, програмските и телекомуникационите основи на информациониот систем;
- одговорен е за функционирањето на компјутерско-комуникационата опрема за системот и потсистемите;
- ги врши работите на системското инженерство во делот на оперативиот систем и потсистемите, системот на управување со базите на податоци и апликативниот софтвер;
- одговорен е за спроведување на мерките за безбедност и заштита на информациониот систем и потсистемите;
- го следи тековното функционирање и користење на информатичките ресурси и предлага проширување, адаптации и замена;
- се грижи за обезбедување на оптимални услови за работа на опремата;
- учествува во обуката на информатичките кадри и на корисниците на информациониот систем и потсистемите;
- утврдува и спроведува постапки за заштита на преносот на податоците;
- се грижи за поврзувањето на компјутерско-комуникационата мрежа од различни производители;
- се грижи за поврзувањето на нови корисници во компјутерско-комуникационата мрежа;
- одржување на компјутерска мрежа;
- припрема на разни документи;
- врши конфигурирање на компјутерите;
- ракува со аудио-визуелната опрема;
- работи на Информацискиот систем на Агенцијата;
- се грижи за исправноста на компјутерската и другата ИТ опрема и го организира нејзиното одржување;
- се грижи за правилно функционирање на персоналните сметачи и пасивната комуникациска опрема, инсталирање и надградба на програмите за канцелариско работење и оперативниот систем;
- помага на вработените кои се задолжени да ракуваат со компјутерите и другата техничка опрема и им дава напатствија;
- учествува во изборот и набавката на компјутерската опрема;
- работи на техничко уредување на брошури, списанија и друг печатен материјал;
- работи на техничко уредување на ВЕБ страната на Агенцијата;
- Соработува со разни органи и институции од областа на информатиката за примена на најновите достигнувања во оваа област.

Посебни услови потребни за вршење на работата:

Вид на образование:	- Факултет за технички науки со најмалку 240 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- најмалку 1 година
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери и нивно одржување - познавање на работа со програмски јазици - комуникативност, креативност, тимско работење

Реден број и назив на работно место:	**168.Помлад соработник за агроекономски пресметки**
Звање за работното место:	Помлад соработник
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- спроведување на наједноставни рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението и постарите државни службеници.
Работни должности	
- помага во извршувањето на одредени студиско-аналитички, управно-надзорни, нормативно-правни, инвестиционо-тековни, материјално-финансиски, стручно-оперативни, како и работи во врска со човечките ресурси; Прибира податоци и информации неопходни за подготовка на материјали и документи, кои содржат: - стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива; - стручни анализи, информации и други материјали за работни тела; - предлози за планот за работа на одделението и - извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; Учествува и работи на Системот за мониторинг на фарма и базата на податоци: - пресметки за економски и физички параметри кои произлегуваат од Системот за мониторинг на фарма и базата на податоци; - поддршка за ефикасно користење на податоците во системот за потребите на советодавните услуги од страна на вработените во АПРЗ; - поддршка за овозможување на континуитет во презентирање на резултати од активности на ФМС и ФАДН; - учествува во подготовка на извештаи кои произлегуваат од Системот и базата на податоци; - учествува во организацијата на излезни податоци за различни институционални корисници од Базата (МЗШВ, Заводот за статистика, ФАДН, ИЗС и сл.); - учествува при обезбедување на проток на информации и внатрешна комуникација; - учествува при дисеминација на податоци; - други агроекономски пресметки.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- Факултет за биотехнички науки со најмалку 240 ЕКТС или VII_1
Работно искуство во струката:	- Без работно искуство
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- ефективна орална и писмена комуникација - знаење на англиски или друг светски јазик - познавање на работа со компјутери - комуникативност, креативност, тимско работење
Реден број и назив на работно место:	**169.Самостоен референт за дисеминација на податоци**
Звање за работното место:	Самостоен референт
Број на извршители:	1
Одговорен пред:	Раководителот на одделението
Општина каде е лоцирано раб.место:	Битола
Цел на работното место:	- поддржување на спроведувањето на функциите од делокруг на одделението, преку вршење сложени административни задачи, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението
Работни должности	

Врши работи од областа на дисеминација на податоци: - подготовка и обработка на статистички и други податоци; - собирање, средување и обработување на архивски материјали; - подготовка на материјали за автоматска обработка; - грижа за комуникацијата со странки кај раководителите; - подгототвка на податоци потребни за изработка на информации и извештаи - организира материјали за состаноци - други административно-технички работи.	
Посебни услови потребни за вршење на работата:	
Вид на образование:	- IV или VI_1
Работно искуство во струката:	- најмалку 3 години
Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети:	- познавање на работа со компјутери - комуникативност, креативност, тимско работење

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Распоредувањето на работниците на работните места утврдени со овој правилник ќе се изврши во рок од 3 дена од неговото влегување во сила.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, бр.02-135/5, од 03.07.2009 година.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува и ќе се објави на огласната табла, како и на интернет страницата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници.

Претседател на Управен одбор

_____

Благој Ѓорѓиевски